


# Онлајн ХЕЛП курс на Советот на Европа за

# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

## Основни информации и цел

Во контекст на една ефективна демократија и почитување на човековите права споменати во Преамбулата на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), **слободата на изразување е од најголема важност**. Без широко гарантирање на правото на слобода на изразување кое е заштитено од страна на независни и непристрасни судови, не можеме да зборуваме за демократија. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) постојано укажува дека слободата на изразување „претставува една од суштинските основи на демократското општество и е еден од основните услови за негов напредок и за самоисполнување на секој поединец“.

Во рамки на европскиот систем за заштита на човековите права, слободата на изразување е право кое е заштитено со **членот 10 од ЕКЧП**. Во исто време, слободата на изразување може да биде во судир со другите права заштитени со ЕКЧП, како што се правото на почитување на приватниот живот, на совеста и религијата итн. Конфликтот може дополнително да се појави тогаш кога властите треба да ги заштитат интересите или вредностите наведени во членот 10, став 2 од ЕКЧП, како што се националната безбедност или јавното здравство. Кога ќе се појави таков конфликт, ЕСЧП воспоставува баланс со цел да се констатира преовладувањето на едното право или интерес над другото. Балансот на спротивставените интереси, од кои едниот е слободата на изразување, ја зема предвид важноста на вториот.

ЕСЧП има развиено обемна судска пракса за примена на членот 10 од ЕКЧП. Кога одлучуваат за случаи што се однесуваат на слободата на изразување, од домашните судови се бара во својата држава да ги применуваат стандардите развиени од ЕСЧП.




Funded by the European Union and the Council of Europe
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Implemented by the Council of Europe

Овој бесплатен ХЕЛП онлајн курс има за цел да им помогне на правните експерт(к)и, но и на другите релевантни стручни лица во разбирањето на европските стандарди кои се однесуваат на слободата на изразување и во ефективната примена на членот 10 од ЕКЧП на национално ниво.

Темите се обработуваат на практичен начин, со употреба на презентации, интерактивни екрани, тестови за знаење и вежби за рефлексија.

Овој ХЕЛП курс беше привчно подготвен во 2016 година, но беше внимателно **ажуриран и модернизиран во 2020 година**.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа

## Целна публика

Овој бесплатен онлајн курс првенствено е наменет за сите **правни експерт(к)и** (како што се судии/јки, обвинител(к)и, адвокат(к)и или вработени во судовите), а може да го користат и други **јавни органи**, како што се национални институции за човекови права, **граѓански организации, студент(к)и,** итн.

## Преглед на курсот и негова структура (4 модули)

**Модул 1: Вовед и основни принципи**

- Слобода на изразување во меѓународното право
- Клучни концепти
- Ограничувања на слободата на изразување
- Позитивни обврски
- Злоупотреба на слободата на изразување
- Оштета при повреди на правото

**Модул 2:**

- Видови говор заштитени со членот 10
- Приватност и клевета

**Модул 3:**

- Регулирање на медиумите
- Слобода на изразување онлајн
- Слободата на изразување и изборите
- Заштита на изворите
- Информации добиени во доверба

**Модул 4:**

- Пристап до информации
- Слобода на изразување и протест
- Слобода на изразување и спроведување правда
- Слобода на изразување на работното место
- Слобода на изразување и религија

## Подготовка на курсот и негово ажурирање

Курсот е првично изготвен од страна на Европската програма за едукација за човекови за правните професионалци (**HELP - H**uman Rights **E**ducation for **L**egal **P**rofessionals**)** во рамки на Советот на Европа, во соработка со проектот на Европската унија/Советот на Европа за **Зајакнување на капацитетот на турското правосудство за слобода на изразување.**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа

Во **2020** година, курсот беше **ажуриран, повторно изработен и модернизиран** во рамки на проектот: „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)" која се имплементира во рамките на заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа: „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II".

## Пристап до бесплатниот онлајн курс

Курсот е достапен на ХЕЛП онлајн платформата http://help.elearning.ext.coe.int/. Прво ќе треба да сикреирате ХЕЛП кориснички профил, доколку сеуште немате (2 минути).

Ажурираната верзија на курсот е достапна на **англиски јазик.** До крајот на 2020 година ќе биде достапен во посебни верзии за Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Србија, Црна Гора и Северна Македонија.

** Ваквото определување нема за цел да го прејудицира ставот во однос на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот на безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.*

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа